ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: Никола Тодоров, министер за здравство и

Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство

ПОВЕРЕНИЦИ: Насуф Ипчја, државен секретар во Министерството за здравство,

Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство и

Татјана Васиќ Бозаџиева, државен советник во Министерството за здравство

# ПРЕДЛОГ-ЗАКОН
за дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, по скратена постапка

Скопје, февруари 2014 година

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 42-1616/1
17.02.2014 година
Скопје

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СКОПЈЕ**

Врз основа на членот 91, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и členовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог-закон за дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 17.02.2014 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Никола Тодоров, министер за здравство и Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, а за повереници Насуф Ипчја, државен секретар во Министерството за здравство, Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство и Татјана Васиќ Бозаџиева, државен советник во Министерството за здравство.

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Зоран Ставрески**

Подготвил:Катерина Јаневска
Проверил: Љубица Р. Димовска
Контролирал: Митра Спасовска
Одобрил: Кирил Божиновски

ВОВЕД

## I. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со овој закон се врши дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност („Службен весник на Република Македонија" бр. 48/2002; 135/2007; 53/2011 и 164/2013) со цел да се подигне нивото на условите кои треба да ги исполнува директорот на Дирекцијата.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со решенијата содржани во Предлог Законот ќе се изврши дополнување на одделни решенија во Законот.
Предлог Законот се заснова на истите начела на кои се заснова и Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност.
Во Законот се содржани основни решенија со кои ќе се изврши подигнување на нивото на условите кои треба да ги исполнува директорот на Дирекцијата.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог Законот не предизвикува фискални импликации по Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлог Законот не предизвикува фискални импликации по одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ И РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 170, алинеја 1, од Деловникот на Собранието на Република Македонија, односно не е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Законот да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ – ЗАКОН
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ И РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Член 1

Во Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/02; 135/07; 53/11 и 164/13), по членот 4 се додава нов член 4-а кој гласи:

„Член 4-а

(1) Директорот на Дирекцијата го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

(2) За именување на директор се објавува јавен оглас, во најмалку три дневни весници кои се објавуваат на целата територија на Република Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(3) Мандатот на директорот трае четири години.

(4) За директор на Дирекцијата се именува лице кое покрај општите услови утврдени со закон, треба да ги исполнува и следните услови:

1) е државјанин на Република Македонија;
2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен високо образование;
4) има минимум пет години работно искуство;
5) поседува еден од следните меѓународно признати сертификати за активно познавање на англискиот јазик не постар од 5 години:
   - ТОЕФЛ ИБТ најмалку 74 бода;
   - ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода;
   - ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво;
   - ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен;
   - БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода; или
   - АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2), и
6) има положено психолошки тест и тест за интегритет.“

Член 2

Директорот на Дирекцијата именуван до денот на отпочнувањето на примената на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

Член 3

Одредбите од член 1 од овој закон кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик ќе отпочнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе отпочне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со член 1 од предлог законот се предвидува нов член 4-а со кој се утврдуваат условите кои треба да ги исполнува директорот на Дирекцијата.
Членовите 2 и 3 се преодни одредби.
Член 4 е завршна одредба.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани во функција на соодветна практична имплементација на предметниот закон.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се подигне нивото на условите кои треба да ги исполни директорот на Директоратот.

Текст на одредбите од Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/2002; 135/2007; 53/2011 и 164/2013), што се дополнуваат:

Член 4

Со Дирекцијата раководи директор, кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

Директорот за својата работа одговара пред Владата на Република Македонија.